# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | БРОЈ 25



www.gazibaba.gov.mk

**БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА**
**0800-42222**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА**
**070/254-772**
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА








# Второто полугодие во ново училиште

Учениците од основното училиште „Григор Прличев“ од Железара, второто полугодие го започнаа во новата училишна зграда.

Во посета на училиштето беше градоначалникот Тони Трајковски, кој ги поздрави учениците и вработените во училиштето и им посака успешна работа во новото училиште.





## *Уредување на пристапна патека и паркинг во ОУ Григор Прличев*

Во ОУ „Григор Прличев“ тампонирана е и асфалтирана патека од страната на економскиот влез, односно од улицата „Филип Филиповиќ“ до улицата „Гемициска“, со површина од 605 $m^2$.

Во дворот на училиштето изграден е и паркинг простор од павер елементи, со површина од 260 $m^2$ на кој ќе можат да се паркираат 20 возила.

Градоначалникот Тони Трајковски во паркот Ченто, одржа прес конференција на која зборуваше за активности кои започнуваат со доаѓањето на пролетта.

Општината ќе започне со реконструкција на оштетената урбана опрема (клупи и канти за отпадоци), а онаму каде што е потребно ќе се поставува нова.

На територија на Гази Баба има 55 детски и спортски игралишта, онаму каде што е потребно ќе се направи нивна реконструкција, а во зависност од потребите и барањето на граѓаните, ќе се изградат нови.



# Уредување на паркови, реконструкција и поставување нова урбана опрема

За овие активности општината издвои околу 8 милиони денари.

Заедно со Јавното комунално претпријатие Гази Баба се уредуваат и одржуваат парковите и парковските зеленила, за што се ангажирани 40 лица, кои се распоредени во пет пункта, а активностите ги обавуваат во сите населени места.

За ангажираните работници, општината оваа година издвои средства од околу 5 милиони денари.



## *Акција за расчистување*

Општина Гази Баба, градот Скопје и Факултетот за земјоделски науки и храна, по повод Денот на планетата земја, организираа акција за чистење и уредување на јавните пешачки и зелени површини по должината на булеварот Александар Македонски.

Јавните комунални претпријатија Паркови и зеленила, Комунална хигиена и ЈКП Гази Баба се приклучија на акцијата, заедно со студентите од Факултетите за земјоделство и храна, шумарскиот и природно математичкиот да направат пролетно расчистување на паднатите гранки, сувите лисја, ѓубрето, ги уредуваа со цвеќиња парковите и зелените површини и се расчистуваше и уредуваше делот долж булеварот Александар Македонски.

Сите кои беа вклучени во оваа акција, дадоа свој придонес за зачувување на природата и со тоа ја покажаа грижата за околината во кои живеат и работат, а воедно и грижата за планетата земја.







# Проширување на патот Р 103 и поставување на цевки за

Во н.м. Идризово кај игралиштето, поставени се цевки во каналот врз кои е поставен тампон, со што е направено проширување на постоечкиот пат и е направен паркинг простор пред игралиштето.

Исто така, на Регионалниот пат Р-103 во населените места Јурумлери, Колонија и Идризово, поставени се цевки во два реда врз кои е ставен тампон и бетонска плоча, со што се изградија автобуски стојалишта, на кои наскоро ќе се постават и настрешници.

Во н. Инџиково кај урбаната заедница се урна постоечкиот цеваст мост кој беше со мала пропусна моќ и се поставија два реда цевки Ф-1500, со што пропусната моќ е зголемена. Врз цевките е поставен слој од тампон и асфалт.



## Започна изградба на натпатник помеѓу Хиподром и Инџиково



Градот Скопје во соработка со општина Гази Баба ги започнаа градежните работи за изградба на пешачки натпатник преку автопатот Скопје – Петровец, кој ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково.

Целта на овој проект е да се овозможи непречено и безбедно движење на пешаците, велосипедисти и лица со посебни потреби, од двете населби преку автопатот.

Натпатникот ќе биде долг 63 метри, а широк 5,4 метри. Површината за движење ќе биде широка 3,1 метар.

По должината на натпатникот ќе биде поставена ограда висока 2 метра, изработена од челични профили и челична мрежа, како и конзоли за инсталации. На двете страни од оградата ќе бидат поставени две електронски информативни табли кои ќе овозможат емитување информации во боја, свртени кон коловозот.

Новиот натпатник што ќе ги поврзе населбите Хиподром и Инџиково ќе го осветлуваат 12 канделабри, а ќе бидат осветлени и рампите.



# Во тек е изградба на клучката кај Смилковци



Проектот кој е дел од Програмата на Владата на Република Македонија, „Изградба на клучка кај Смилковци“, започна со својата реализација. На почетокот на изградбата на овој објект присуствуваа министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, директорот на Агенцијата за државни патишта, Владо Мисајловски, градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот Тони Трајковски, претседателот на Совет, Милан Андоновски, пратеничката Олга Најденовска и жители одоколните населени места.

За овој Проект предвидени се средства во висина од 40 милиони денари, а работите се очекува да се завршат за една година. Со изградбата на оваа клучка се овозможува побрз и побезбеден транспорт на околу 8000 жители од пет населени места кои гравитираат околу овој дел од општината со што ќе се овозможи развој на овој дел од Гази Баба.



Изградбата на оваа клучка е по иницијатива на жителите од населените места Смилковци, Виниче, Црешево, Булачани и Раштак и на градоначалниците Коце Трајановски и Тони Трајковски, поддржана од пратениците во Собранието на РМ.

Општина Гази Баба околу обиколницата има урбанизирано околу 70 ха предвидени за спорт и рекреација, изградба на хотелски комплекси, деловни комплекси, изгрдаба на авто камп и во следниот период ќе се стартува со објави за продажба на градежно земјиште, каде што се очекува да се јават потенцијални инвеститори.



## *Нови детски игралишта*

Во н. Ченто во паркот „Борис Трајковски“ и во н. Триангла, општина Гази Баба направи нови детски игралишта со реквизити – клацкалки и лулашки.

До игралиштата направени се патеки од павер елементи и поставена е урбана опрема – клупи и канти за отпадоци, а околу игралиштето во н. Триангла поставена е и ограда.

## *Обновени пешачките патеки во објектот Искра*

Општина Гази Баба во објектот „Искра“ кој е во состав на Јавната Установа за деца „25 Мај“ ги обнови приодните патеки кои водат кон влезот со бекатон плочки, со цел да им се овозможи на најмалите кои престојуваат во градинката безгрижно да се движат и играат во дворот.



# Уредување на дел од парк шумата Гази Баба

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општината Гази Баба, Тони Трајковски и градоначалникот на општината Чаир, Изет Меџити присуствуваа на големата акција за уредување на парк-шумата Гази Баба, во делот што гравитира кон општина Чаир.

Екипите на ЈП „Паркови и зеленило" ја расчистуваа дивоизраснатата вегетација кај игралиштата во близина на куќите, кастреа гранки, сечеа и отстрануваа стари и суви дрвја, ја косеа тревата и го отстрануваа сметот.

Екипите на ЈП „Улици и патишта" изградија нова трим патека, која што се протега од Природно-математичкиот факултет кон населбата Железара, од страната на општина Чаир. Патеката е биде долга 1.100 метри, а широка од 2,6 до 3 метри, во зависност од условите на теренот. Во овој дел се поставија клупи и корпи за отпадоци, се уредија и три пункта со фитнес реквизити, видиковци, игралишта за деца и фонтана за пиење вода.

Општина Гази Баба во уредувањето на овој дел од парк-шумата „Гази Баба" се вклучи во делот на уредувањето на теренот со сезонските работници од ЈКП Гази Баба.

Градот Скопје во соработка со Гази Баба и општина Чаир, се во подготовка на закон, со кој парк шумата Гази Баба ќе се прогласи за Парк на природата.

Градоначалникот Трајковски го нагласи значењето на парк-шумата Гази Баба и апелира до граѓаните да ја чуваат поставената урбана опрема на јавните површини.





## Пролетна дератизација

Општина Гази Баба во континуитет, два пати годишно врши дератизација на својата територија. Во изминатиот период се изврши дератизација на околу 2500 шахти.

При дератизацијата беше употребен парафински блок Бромадиолон, а работите ги изведуваше Центар за јавно здравје Скопје во соработка со Ј.П. Водовод и Канализација.

## Заштитна ограда

Во н. Триангла општина Гази Баба направи заштитна ограда на скалите, кои граѓаните ги користат за излез на патеката која се наоѓа покрај автопатот, односно за нивно побезбедно движење.



# Изградба на атмосверска канализација во Триангла

Населбата Триангла има околу 6000 домаќинства кои имат проблем со атмосферската вода, посебно кога има поројни дождови, водата се собира на одредени места и прави проблем со излевање и поплавување на дел од дворовите и објектите на граѓаните. Со изведбата на оваа атмосферска канализација ќе се реши овој проблем. Во оваа фаза планирано е во должина од 850 метри да се изгради примарната мрежа со поставување на сливници на улиците „Петре Филиповски Гарката" и „Карл Хрон". Вкупната вредност на инвестицијата изнесува околу 6 милиони денари.





Во следниот период е планирана и изградба на останатите краци кои што се потенцирани од страна на граѓаните и Урбаната заедница на н. Триангла, како проблематични, во кои се собира одредена количина на атмосферска вода. На овој начин проблемот би требало целосно да биде решен.

Атмосферската вода која досега беше насочена од олуците и од дворовите кон фекалната канализација, и која правеше проблем за функционирање на истата, сега се реши со изградбата на оваа атмосферска канализација и водата ќе може да се собира во овој колектор и да се насочи во каналската мрежа.

# *Хуманитарна помош за поплавените*

Откако на почетокот на месец февруари, по големите врнежи од дожд повеќе општини од регионот на Источна Македонија беа поплавени, општина Гази Баба континуирано помагаше со донации на алишта, прехрамбени производи и средства за хигиена.

Покрај донациите на финансиски средства преку посочените телефони на мобилните оператори, пакети со средства за хигиена и прехрамбени производи беа испратени за општината Чешиново – Облешево.







Во акцијата помогнаа вработените во администрацијата на општина Гази Баба, жителите од урбаните и месните заедници, основните училишта и градинки, Здружението на пензионери од Гази Баба, фирмите Карат М, Жане компани, Вуделго, Турбоинжинеринг, Микеи Камник, Макаутостар и други фирми, кои и директно испраќаа помош за настраданите жители во поплавите.



# Се отвори канцеларија за превенција во Стајковци

Во објектот на месната заедница Стајковци, општина Гази Баба и Одделението за превенција при СВР Скопје, во соработка со месните заедници го реализираа Проектот „Полицијата и граѓаните заедно“.

На територија на општината ова е втора канцеларија, чија цел е полицијата да биде колку што е можно поблиску до граѓаните и заедно да ги решаваат потенцијалните проблеми.

На отворањето присуствуваа градоначалникот Тони Трајковски, министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска, командирот на ПС Гази Баба и претставници на Центарот за превенција од СВР Скопје.

Преку зголемување на активностите на превентивен план, состојбите на територијата на општина Гази Баба споредено со изминатиот период, значително се подобрени во насока на намалување на вкупниот број кривични дела, на сообраќајни прекршоци и прекршоци по однос на јавниот ред и мир.



Оваа канцеларија ќе можат да ја користат девет села од овој дел на општината, односно околу 18.000 жители, каде ќе можат да се одржуваат и трибини на теми кои ќе ги побараат граѓаните.

# *Решенија за легализацација*

Општина Гази Баба досега има доделено околу 5.300 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица, од околу 16.000 поднесени барања за легализација од страна на граѓаните.

Воведени се повеќе технички мерки за подобрување на динамиката на решавање на предметите, преку тимовите формирани да постапуваат по барањата за легализација, кои се составени од вработени во општината и дополнително ангажирани волонтери.







# Крводарителна акција



Општина Гази Баба заедно со општинската организација на Црвен Крст Гази Баба и Завод за трансфузиона медицина, организираа крводарителска акција која се одржа во просториите на општината.

Градоначалникот Тони Трајковски ги посети и разговараше со крводарителите и медицинските екипи и ја истакна важноста од организирање на вакви хумани акции, бидејќи секоја





капка крв е драгоцена и може да спаси нечиј живот.

Општината веќе неколку години организира вакви крводарителски акции во месец февруари, во јуни и за Денот на општината.

Акција беше успешно реализирана со масовна излезеност на граѓаните и собрани 46 единици на крв.

## *Доделени благодарници по повод Денот на крводарителите*



По петти пат, традиционално и оваа година општина Гази Баба во соработка со Општинската организација на Црвен крст „Гази Баба" - Скопје организираа прием за крводарителите од општина Гази Баба, по повод 17 Март - Денот на крводарителите и Ден на Црвениот крст на Република Македонија.

На приемот беа поделени благодарници на:

Крводарители кои дарувале 25 и повеќе пати крв:

- **Борче Радески**  
  АСУС Боро Петрушевски
- **Зоран Ангелов**  
  Факултет за Безбедност
- **Валентина Крупа**  
  АД. Алколоид
- **Светлана Младеновска**  
  СЕТУГС- Михајло Пупин
- **Тони Тодевски**  
  АД. Факом
- **Дарко Спасевски**  
  ЈСП-Скопје
- **Игор Богдановски**  
  ЈСП-Скопје
- **Миле Цветковски**  
  ЈСП-Скопје
- **Часлав Младеновски**  
  ЈСП-Скопје
- **Дејан Младеновски**  
  ЈСП-Скопје

Крводарители кои дарувале 50 и повеќе пати крв:

- **Јордан Јовенов**  
  Земјоделски Факултет
- **Зоран Трендафиловски**  
  АСУЦ-Боро Петрусевски
- **Димко Зафировски**  
  АД.Факом
- **Мирче Пупков**  
  ЈСП-Скопје
- **Златко Ѓоревски**  
  ЈСП-Скопје
- **Благоја Богдановски**  
  ЈСП-Скопје
- **Ласте Трајчевски**  
  ЈСП-Скопје
- **Антонио Ѓоргиев**  
  ЈСП-Скопје

**Најдобра работна организација** на подрачјето на Општината Гази Баба за 2014 година е МВР –Центар за обука.

**Најдобро Средно училиште** на подрачјето на Општината Гази Баба за 2014 година е СЕТУГС "Михајло Пупин".

**Најдобра образовна институција од Високото образование** на подрачјето на Општината Гази Баба за 2014 година е УКИМ Факултет ветеринарна медицина-Скопје.

**Најдобар мотиватор за крводарителство** на подрачјето на Општина Гази Баба за 2014 година е Проф.Др. Петар Христов од Факултет за земјоделски науки и храна.

Општинската организација на Црвен Крст „Гази Баба" за 2014 год. има планирано да се соберат 2835 единици на крв, има реализирано 59 акции и има собрано 3539 единици на крв единици крв. Планот за 2014 година е успешно реализиран со 125%.



# Работна средба со амбасадорот на НР Кина





Градоначалникот Тони Трајковски оствари работна средба со Амбасадорот на НР Кина во Република Македонија Н.Е. Вен Зеншун. На средбата присуствуваа и претставници од општинската администрација и членови од кабинетот на Амбасадорот.

На почетокот на средбата градоначалникот ги запозна гостите со профилот на општината, со индустриските капацитети сместени на наша територија, културното наследство и со развојните можности на општината.

Амбасадорот изрази благодарност за поканата, за убавиот впечаток кој му го оставил македонскиот народ во овие девет месеци откако е на оваа должност и за активностите кои владите на НР Кина и Република Македонија ги превземаат, на големо задоволство на двете држави.

На средбата се разговараше за вложувањето на општина Гази Баба во подобрување на условите за учење во основното образование со реконструкција на училиштата и за потребата од изградба на ново основно училиште „Вера Јоциќ" во Хиподром, за кое Амбасадата на НР Кина е запознаено и во неколку наврати беше посетено од нивни претставници.

Од средбата произлезе и можност за збратимување на општина Гази Баба со општина од НР Кина и интензивирање на соработката помеѓу бизнис заедницата, на полето на културата и на реализирање на проекти од заеднички интереси.

Општина Гази Баба ќе подготви презентација на можности за привлекување на странски инвестиции, која преку Амбасадата ќе биде достапна до сите заинетересирани.

На крајот од средбата градоначалникот го покани Амбасадорот заедно да ги посетат карактеристичните подрачја и културно историските места во општината.

# *Одбележан националниот ден на Република Унгарија*



По повод одбележувањето на 15-ти март, Националниот Ден на Р. Унгарија, делегација на општина Гази Баба и на Р. Унгарија, положија свежо цвеќе пред спомен плочата на унгарскиот државник и револуционер Лајош Кошут во н. Триангла, каде една од улиците го носи неговото име.



На настанот кој се одржа по овој повод во н. Триангла, пред присутните гости се обратија градоначалникот на Гази Баба, Тони Трајковски, Амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија, Др. Јожеф Бенце и претседателот на унгарско – македонското Здружение „Теледом", Јожеф Шутуш.

Со кратка програма се претставија учениците од ОУ „Наум Наумовски Борче", членови од КУД „Скопје", како и членови на Здружението „Теледом".





# Работна средба со претставници од УСАИД



Општина Гази Баба и УСАИД неколку години имаат одлична соработка во реализацијата на Проекти за меѓуетничка интеграција во образованието.

Градоначалникот Тони Трајковски оствари работна средба со претставници од УСАИД, на која се разговараше за продолжување на соработката со заедничко учество во Проектите на УСАИД во училиштата.

И оваа година општина Гази Баба и основните училишта од општината, се избрани помеѓу 10-те, со кои УСАИД ќе ги реализира предвидените проекти, благодарение на активностите на училиштата и општината и успешноста во реализирањето на претходните проекти.

Исто така, оваа година УСАИД ќе бидат повеќе насочени во делот на промовирање на добрите практики и искуства од спроведените проекти во училиштата, како поттик на оние општини и основни училишта кои досега не биле вклучени во Проектите за меѓуетничка интеграција во образованието.



# *Работни средби со УЗ и МЗ*



Градоначалникот Тони Трајковски со дел од општинската администрација направи работни средби со жителите од урбаните и месните заедници. Овој вид на комуникација со граѓаните е многу важен, бидејќи градоначалникот изворно ги добива информациите за потребите на граѓаните во населените места и проблемите со кои се соочуваат.

На работните средби граѓаните, градоначалникот и општинската администрација заеднички наоѓаат решенија за надминување на постоечките проблеми и даваат предлози за подобрување на условите за живеење.



# Обука на тема „Самостоен маркетинг за вработување“

Во просториите на Општина Гази Баба, во салата на Советот се одржа бесплатна обука на тема “Самостоен маркетинг за вработување и генерирање на идеи за започнување на сопствен бизнис”, наменета за сите заинтересирани невработени млади лица, студенти и оние кои сакаат да се унапредат во кариерата, со цел да им се помогне полесно да најдат работа, преку подобрување на вештините за поуспешен настап на интервју за работа и како да развијат сопствени идеи.



Исто така, обуката вклучуваше и интерактивни предавања на тема за унапредување на вештините на комуницирање, изработка на личен акционен план за развој, како да се подготвите за интервју за работа, најчести грешки при интервјуата за работа, изработка на професионално CV и мотивационо писмо, вежби, симулации за започнување на сопствен бизнис и др.




# *Форум со здружението ДОВЕРБА*

Општина Гази Баба заедно со Здружението ДОВЕРБА и со поддршка на Министерството за здравство во рамките на проектот „Одржување на ниска ХИВ преваленца во Република Македонија, одржлив развој“ реализираше форум, во насока на подигнување на свесноста кај граѓаните за проблемот на употреба на дроги кај младите, како и сите проблеми поврзани со употребата на дроги, ХИВ/СИДА, ХЦВ (превенција, лекување, ресоцијализација, реинтеграција).






Со организирањето на форумот, даваме придонес и со заедничко делување во локалната заедница помагаме во реализацијата на активности во таа насока.

# Бизнис иновативен форум

Општина Гази Баба го одржа вториот по ред бизнис иновативен форум кој се одржуваше во Република Македонија.

На почетокот на бизнис форумот, пред присутните гости и учесници се обратија, Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Владимир Пешевски и градоначалникот на Гази Баба, Тони Трајковски, кој истакна дека на овој начин има можност да се размени искуство со бизнисмените од Македонија и странство и да се разгледа можноста за заедничка соработка во насока на искористување на ЕУ фондовите.

Општината во изминатиот период со повеќе партнери склучи договор за заедничка соработка и формираше конзорциум во кој членуваат претставници од академскиот, јавниот, приватниот и невладиниот сектор. Целта ни е заеднички поуспешно да се подготвиме за искористување на ЕУ фондовите.



Фокусот на овој бизнис форум беше иновативноста и поддршката преку регионална и интернационална соработка, на кој учествуваа домашни и странски претставници од институции, асоцијации и институти, kako општина Гази Баба, општина Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа и технолошкиот парк, EMKICE – Euro-Macedonian knowledge and innovation Centre, Илумине – Центар за развој на ИКТ во образованието, Агенција за поддршка на земјоделието на РМ, Високи претставници од нашите странски партнерски мрежи (EBN, WestBIC, EBAN, Finnovaregio, TBAA), кои на овој бизнис форум одржуваа панел дискусии на следните теми:

**1.** „Економскиот развој и можностите за креирање на работни места за периодот 2015-2020 г. преку регионална меѓусекторска соработка и поддршка за бизнис иновации"



- Панел дискусија на сите засегнати страни – креаторите на економските политики, компаниите, претставници на академската заедница, претставници на коморите, и претставници на меѓународни асоцијации и организации,

**2.** Улогата на Коморите и Кластерите во иновативната подршка,

**3.** Улогата на Универзитетите во подршката на бизнис иновациите

**4.** Развој на Бизнис иновативни центри како форма на иновативна подршка,

**5.** Жени Инвеститори и Претприемачи за иновативни бизниси

**6.** Соработка за подршка на МСП – Меѓународна соработка и Локален економски развој,

**7.** Медиумите и европските фондови



## *Трибини за превенција во основните училишта*

Во основно училиште Вера Јоциќ, преставници од ПС ОН Гази Баба и СВР-Скопје Одделение за малолетничка деликвенција и семејно насилство, одржаа трибина на тема: Превенција од кражби, имотни деликти и малолетничко престапништво.

Оваа трибина беше дел од проектот Полицијата и граѓаните заедно, каде покрај средбите во Превентивниот центар во н.м. Маџари, опфатени се и учениците од осмо и деветто одделение.

## *Трибина на тема „Семејно насилство"*

Во „Центарот за превенција - Полицијата и граѓаните заедно" – н. Маџари се одржа трибина од страна на претставници од Полициската станица О.Н.Гази Баба, СВР - Скопје (оделение за превенција) и Локалната самоуправа Гази Баба.

Трибината имаше за цел да ја прикаже вистинската страна и значењето на семејното насилство во нашето традиционално општество, како и да се развие свеста за овој вид на дискриминација. Беше убаво и сеопфатно објаснето и лоцирано каде истото се појавува, на кои категории се однесува како и за тоа какви превенции и мерки следуваат со примена на законските регулативи. Присутните на трибината изнесоа и контрадикторни ставови помеѓу реалниот третман на семејното насилство и помеѓу начинот на третманот во нашето традиционално семејство, како и начинот на перципирање на нештата кои ги поседува оваа категорија на корисници. Како и вообичаено овие трибини секогаш се добро прифатени и посетени.






# По патеките на нашите предци

Во црквата Воведение на пресвета Богородица во н.м. Идризово, се одржа културен настан „Почуствувај ја Македонија со шестото сетило - срцето", кој беше дел од проектот „По патеките на нашите предци", предвидена во Програмата за култура на општина Гази Баба.

Во овој мултимедијален проект учествуваа познати писатели, поети, историчари, ликовни и музички уметници, актери, помеѓу кои беа:

Серафина Фантаузо, Проф. Др. Вера Стојчевска Антиќ, Гордана Михаилова Бошњаковска, Михаил Ренџов, Тодор Чаловски, Ристо Јачев, Горјан Петревски, Александар Кујунџиски, Летив Намдагјанчивин од Монголија, Мите Грозданов, етно составот „Ајазмо", членови на фолклорното студио „Етнос", Живко Поповски – Цветин и претставници од невладината организација за ревматизам и артритис НОРА.





# Натпревар на хорови и оркестри

Во основното училиште „Дане Крапчев“ се одржа натпревар на хоровите и оркестрите од училиштата од општината, проект кој е дел од Програмата за култура за 2015 година.

Сите хорови и оркестри, под водство на нивните наставници по музичко воспитание имаа подготвено по две музички точки, кои ги изведоа пред голем број на посетители.

Сите училишта имаа одлични настапи, а комисијата одлучи да ги награди: оркестарот на ОУ „Дане Крапчев“, под водство на наставникот Ванчо Јовчев и хорот на ОУ „Н.Н. Борче“, под водство на наставничката Весна Трајковска.








# Априлијада

Традиционално и оваа година по повод денот на шегата 1-ви април, се одржа манифестацијата Априлијада.

Со свои маски пред другарчињата, наставниците и родителите продефилираа деца од градинките и учениците од сите основни училишта од Гази Баба, каде успешно се претставија со свои идеи, креации и изработки.











# Манифестација „Најубаво Велигденско јајце“




По повод големиот христијански празник Велигден, општина Гази Баба во соработка со основните училишта и градинките, ја организираа манифестацијата „Најубаво Велигденско јајце“. На оваа манифестација учествуваа деца од градинките и ученици од сите основни училишта од општината, каде децата ја покажаа својата креативност, изработувајќи прекрасно декорирани велигденски јајца.

Целта на организирање на овој настан е да ја продолжиме нашата традиција пред големиот празник Велигден, во домашни услови и на часовите по ликовно воспитување да се украсуваат јајцата, да се научи за значението на оваа традиција, а и да се направи едно заедничко дружење помеѓу учениците од основните училишта и децата од градинките.





# *Славење на пролетта*

Месец март го симболизира доаѓањето на пролетта, на доаѓањето на пролетната енергија. За оваа пригода, традиционално се плетат мартинки исклучиво од црвен и бел конец, со кои се слави возобновената природа.

Мартинката се носи на рака, на облека уште од првиот ден во март, за здравје и среќа, а потоа се закачува на првото расцветано дрво кое ќе се види.

Во класичниот изглед, мартинката претставува усукани бел и црвен конец, најчесто волнен, каде боите имаат строго определена смисла: црвено – светлост, љубов, живот, а белата – чистота, искреност, среќа.

За да се зачува традицијата на нашите предци, четврта година по ред, општина Гази Баба и основните училишта ја организираа манифестација „Мартинки“, каде учениците на своите креативни работилници изработуваат мартинки, преку кои ги изразуваат своите креативни идеи и способности.

Од најубавите мартинки во просториите на општинаата се направи изложба.





На првиот ден од март, децата од објектот „Сончоглед“ од градинката „Детска Радост“, го посетија градоначалникот и вработените во општината и им подарија рачно изработени мартинки.

Мартинките децата ги изработиле со своите наставнички, за време на одржувањето на креативните работилници.

# Денови на пролетта – денови на екологија



По повод „Деновите на пролетта - Денови на екологијата“ во училиштето „Дане Крапчев“ беа спроведени еколошки активности за озеленување и уредување на училишниот двор.

По тој повод во училишниот двор беа засадени садници и беа поставени жардињери од отпаден материјал, кои учениците ги изработија во соработка со родителите.





## *Активности за Денот на планетата земја*



По повод 22-ри април „Светски ден на планетата Земја“ во училиштето „Крсте Мисирков“ беа спроведени неколку активности. Учениците од одделенска и предметна настава заедно со учениците-членови на еколошката секција „Еко Ѕвонче“ и нивните родители, во улога на организатори на акцијата и директни учесници во истата, вредно ги завршија поставените задачи.

Учениците беа организирани во тимови во кои секој учесник зема активно учество. Првиот тим од предметна настава изработија дрво од отпадни материјали, закитувајќи го со еко пораки и негово поставување во училишниот хол. Вториот тим од предметна настава декорираа саксии и засадуваа цвеќиња. Третиот тим од предметна настава рециклираа стара гума од автомобил.

Еколошката секција подготви презентација која беше претставена пред учениците на кои им поделија и флаери. Во оваа акција не изостанаа и вредните рачиња на учениците од одделенска настава во времето предвидено за креативни активности. Тие заедно со своите родители неуморно твореа, литературни и ликовни творби на тема: 22 - ри април „Светски ден на планетата Земја“. Благодарение на нивната фантазија, креативност и желба да се даде придонес во акцијата, работилницата во која тие твореа се претвори во еден волшебен свет, свет во кој само детската фантазија и креативност може да го изгради.

# Проект „Градиме заедничка историја“



ООУ “Крсте Мисирков”, на македонски наставен јазик, и ООУ“25 Мај”, на албански наставен јазик, имаат долгогодишна соработка и спроведуваат заеднички активности кои ја подобруваат меѓуетничката интеграција. Училиштата се фокусирани кон интеркултурна и интеретничка соработка и имаат планирано низа на активности насочени кон подигањето на свеста на учениците и нивно охрабрување во истата насока. Од досегашната комуникација меѓу учениците, наставниците и родителите, произлезе и идејата да се направи проект насловен „Градиме заедничка историја“, кој подразбира посета на музеи и институции кои се занимаваат со презентација на историските и културните придобивки на двата народи.

Со оглед на важноста на демократската партиципација на учениците, во Проектот се вклучени ученици од ученичките тела од двете училишта (Училишната заедница), од каде што и е произлезена идејата.

Во планираниот сет на активности се вклучени следните активности:

1. Работилници за мултикултурно учење и меѓуетничка соработка за учење на двете училишта.

2. Заедничка посета на Музејот на Македонската борба и Музејот на Старата скопска чаршија

3. Заедничка посета на Музејот на албанската азбука - Битола

4. Организирање на follow up - продолжување на овие активности во секое училиште посебно и промоција на проектот во Општината.

Фондот „Градиме мостови“, како заеднички проект на Министерството за образование и наука, Амбасадата на Швајцарија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, ја поддржува нашата соработка со материјали за работилниците, превоз за учениците и опрема за изработка на електронски сведоштва. За време на реализацијата на четвртата заедничка работилница, претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, подарија Лап Топ и ЛЦД, а директорите на двете училишта и градоначалникот на општина Гази Баба потпишаа меморандум за соработка.

По реализацијата на работилниците, Проектот продолжува надвор од училиште, во посета на музеите кои сведочат за заедничкото минато, а потоа и кон изготвување на промотивен материјал.

# *Прославуваме, другаруваме, насмевки подаруваме*





По повод велигденските празници, во ОУ „Кирил и Методиј“ беше реализиран Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието – активност во која учествуваа ученици, родители и наставници од ОУ ”Кирил и Методиј”-Стајковци и ПОУ ”Кирил и Методиј”- Страчинци.

Во пријатна празнична атмосфера беше прочитан пригоден текст по повод значењето и начинот на прославување на најголемиот христијански празник Воскресение Христово - Велигден.

Присутните гости од локалната самоуправа како и соработници од неколку општински училишта, вклучувајќи ги и учениците, родителите и наставниците од двете партнерски училишта, имаа можност да присуствуваат на традиционалниот обичај - кршење со велигденски јајца и имаа можност да вкусат традиционални и вкусни домашни специјалитети. Настанот беше од голема важност за зголемување на довербата, соработката и меѓуетничката интеграција на учениците, ширење позитивна клима кај локалното население и подигање на свеста за потребата од одржување настани од ваков тип и во иднина.

# Заедничко славење на празникот Велигден





Во ОУ „Његош“ се организира манифестацијата „Велигденски хепенинг“, која е дел од Проектот за меѓуетничка интеграција во општина Гази Баба, поддржан од УСАИД и Министерство за образование и наука.

Учениците од ова училиште во текот на годината направија истражувања за верските обичаи и традиционалната кујна на македонската, албанската и ромската верска заедница, кои беа претставени на оваа манифестација.









## *ОУ „Његош“ во посета на Бар*

Претставници од ОУ „Његош“ и општина Гази Баба беа во посета на градот Бар, Република Црна Гора, каде се збратимија со ОУ „Блажо Јаков Орландиќ“.

Нашите претставници беа одлично пречекани од домаќините, а и учествуваа на приредбата на патрониот празник на училиштето.

При посетата беа примени од заменик градоначалникот на Бар, каде разговараа за карактеристиките на двете општини, нивни специфики и сличности.

Претставникот од општината на заменикот градоначалник му врачи официјално Писмо со намери за воспоставување на соработка помеѓу општина Гази Баба и општина Бар.





# Проектот „Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој во Македонија“



Проектот „Воведување на почит кон различностите и мултикултурализмот во раниот детски развој во Македонија“ е вклучена во Програма за работа на градинката „25 Мај“ во 2014 година, кога всушност започна да се реализира со серија на обуки и работилници во 10 детски градинки и 10 општини во Република Македонија.



Градоначалникот Тони Трајковски ги поздрави присутните и се заблагодари на УНИЦЕФ и Британската Амбасада, кои финансиски го поддржуваа овој Проект, а кој се спроведува во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Здружението ЕЦД КОР и нашата градинка.

Ова е убава можност децата од најрана возраст да се запознаат и да ги почитуваат различностите помуѓу нив – било да се тие по боја, вера, пол, лица со посебни потреби, да се запознаат со нивните потреби, култури и обичаи.

Градинката во својата Програма за работа ќе продолжи со имплементација на овој проект кој ќе биде составен дел од работата со децата.





# *Мали олимйиски игри*



Општина Гази Баба, Македонски Олимписки Комитет и градинката „Детска радост“ ја организираа втората детска еко – олимпијада.



Во спортската сала во Автокоманда децата облечени во маички со боите на олимписките кругови се дружеа, се забавуваа и спортуваа. На крај сите заедно во градинката засадија цвеќиња во пет жардињери, кои ги симболизираат петте олимписки кругови.

На настанот присуствуваше и претседателот на македонскиот олимписки комитет, Васил Тупурковски.







# Активности во објектите на детските




















# градинки „Детска радост“ и „25 Мај“









# СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Милан Андоновски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/237-254 | milan.andonovski@gazibaba.gov.mk |
| **Маја Стојчевска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-803 | maja.stojcevska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Костовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/205-339 | zoran.kostovski@gazibaba.gov.mk |
| **Невенка Стаменковска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-814 | nevenka.stamenkovska@gazibaba.gov.mk |
| **Ивица Петровски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-035 | ivica.petrovski@gazibaba.gov.mk |
| **Благе Данев** | СПМ | 072/254-805 | blage.danev@gazibaba.gov.mk |
| **Благојче Трпковски** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-804 | blagojce.trpkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Јорданчо Тодосиев** | ДС | 072/205-192 | jordanco.todosiev@gazibaba.gov.mk |
| **Елизабета Стојменова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-806 | elizabeta.stojmenova@gazibaba.gov.mk |
| **Марјан Крстевски** | ВМРО-ДПМНЕ | 075/221-216 | marjan.krstevski@gazibaba.gov.mk |
| **Игор Атанасовски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/261-956 | igor.atanasovski@gazibaba.gov.mk |
| **Анета Мишевска - Тодорова** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-997 | aneta.todorova@gazibaba.gov.mk |
| **Стојан Блажевски** | ТМРО-ВЕП | 072/255-039 | stojan.blazevski@gazibaba.gov.mk |
| **Николај Чифутов** | ВМРО-ДПМНЕ | 070-223-524 | nikolaj.cifutov@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓулсефа Куртеши** | СРМ | 072/205-849 | gulsefa.kurtesi@gazibaba.gov.mk |
| **Александар Каровски** | ВМРО-ДПМНЕ | 070/267-561 | aleksandar.karovski@gazibaba.gov.мк |
| **Милка Видовска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-037 | milka.vidovska@gazibaba.gov.mk |
| **Светлана Трпкоска** | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-042 | svetlana.trpkoska@gazibaba.gov.mk |
| **Ирфан Аземов** | ДУИ | 072/254-835 | irfan.azemov@gazibaba.gov.mk |
| **Фејзула Зендели** | ДПА | 072/254-836 | fejzula.zendeli@gazibaba.gov.mk |
| **Дарио Николовски** | СДСМ | 072/254-830 | dario.nikolovski@gazibaba.gov.mk |
| **Ѓоре Стојковски** | НСДП | 072/254825 | gjorestojkovski@gazibaba.gov.mk |
| **Веселка Стојановиќ** | СДСМ | 072/254-815 | veselka.stojanovic@gazibaba.gov.mk |
| **Сашо Начовски** | ВМРО-НП | 072/205-629 | saso.nacovski@gazibaba.gov.mk |
| **Мица Младеновска** | СДСМ | 072/254-811 | mica.mladenovska@gazibaba.gov.mk |
| **Зоран Стојанов** | ЛДП | 072/254-810 | zoran.stojanov@gazibaba.gov.mk |
| **Цветанка Стојановска** | СДСМ | 072/254-807 | cvetanka.stojanovska@gazibaba.gov.mk |





# Приемен ден за граѓаните

Градоначалникот Тони Трајковски два пати месечно во вторник, има приемен ден за граѓаните од подрачјето на општина Гази Баба, но по потреба и почесто во текот на месецот.

Најчести прашања за кои граѓаните дискутираат со градоначалникот на овие средби, се однесуваат на вработувањата за себе или за своите најблиски, потоа проблеми произлезени во процесот на легализацијата на нивните објекти и проблеми кои ги имаат околу имотно-правните работи.



# *Се конституира Советот на млади во Гази Баба*

Во просториите на општина Гази Баба, се одржа првата конститутивна седница на Советот на млади на општина Гази Баба.

На седницата се избра претседател, заменик-претседател и запсиничар, а се водеше дискусија за правата, обврските и одговорностите на членовите на советот и други прашања кои се значајни за работата на истиот.

Советот на млади брои 9 члена со мандат од 4 години.



# Посета на „Факултет за трето доба“



Секој петок на Филозофскиот факултет од 16-17 ч. при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје се одржуваат предавања од различен карактер се со цел анимирање и унапредување на знаењето на индивидуите од трето доба. Оваа убава иницијатива е забележана како Факултет за трето доба.

Корисниците на Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови – Маџари, заедно со социјалниот работник го посетија Факултетот за трето доба се со цел да се добие еден друг тип на едукација, да се излезе од рамките на дневниот центар и да се воспостави убава соработка и дружба со генерациските пријатели.

# Велигденски хуманитарен хепенинг

Во Центарот за стари лица во Маџари, се одржа Велигденски хепенинг,



подготвен од корисниците на Центарот, Црвениот крст на Гази Баба и социјалниот работник.

На хепенингот имаше изложба на слики, кукли во народни носии, декорирани корпи со јајца, рачни изработки и месени работи, кои ги изработуваат корисниците на Центарот и кои се продаваа. Средствата се наменети за едно семејство, на кое во моментот им е потребна помош.

Корисниците на Центарот ги посети градоначалникот Тони Трајковски, кој ја помогна хуманитарната акција, ги разгледа изработките и на сите присутни им го честиташе прзникот Велигден.



# Посета на актерот Сашко Коцев

Во „Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“- Маџари корисниците ги посети познатиот и харизматичен актер Сашко Коцев. Ова беше изненадување за корисниците од страна на социјалниот работник, поради нивниот огромен интерес да го видат. Актерот беше пречекан со овации, а задоволството од дружењето, големо.

На крајот од средбата, Сашко Коцев ги покани присутните на некоја претстава во театарот.

# Формирана играорна секција

Во „Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ - Маџари почна да функционира играорна секција. Секцијата беше формирана на заедничка иницијатива на социјалниот работник и корисниците, а во интерес на исполнување на слободното време кое корисниците го минуваат во дневниот центар.





Интересот за посетување на оваа секција е голем и секојдневно се зголемува бројноста на членството. Целта е да се практикува и негува македонскиот фолклор и традицијата, а воедно и да се дружат корисниците на центарот, преку македонската музика.

# Предавање „Дискриминација на старите лица“

Во „Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови“ - Маџари беше организирано предавање на тема „Дискриминација на



старите лица“ од страна на Душко Миновски, советник во МТСП и претседател на Комисијата за дискриминација.

Целта на предавањето беше проширување на знаењата на дискриминацијата на старите лица. Гостинот во целост ја разработи темата и детално им посвети внимание на поставените прашања, а за одредени прашања им вети дека лично ќе се заложи да им излезе во пресрет. Предавањето наи-



де на огромен интерес кое укажува на фактот дека ваквите средби се доста едукативни и секогаш добро прифатени.

# Предавања за ракот на дебелото црево

Од страна на Д-р спец. по Интерна медицина - Томислав Анчевски се реализираше предавање на тема „Рак на Дебело црево. Предавањето беше издејствувано од страна на социјалниот работник по претходна консултација со корисниците околу изборот на темите кои ги опфаќа Интерната медицина, а кои истите би сакале да ги чујат за да се стекнат со ново искуство и да се информираат за превентивите кои самите можат да ги превземат. Докторот даде едно сеопфатно излагање, начините на превенција и скрининзите кои се неопходни за рано детектирање на болеста.

Предавањето беше од отворен карактер така што Д-р Анчевски се стави на располагање и им одговори за се она што корисниците имаа да го



прашаат. Интересот дозволи да побараат лекарот повторно да им гостува, но следниот пат со нова тема.

# Поетско дружење

По повод отворање на Библиотеката во склоп на дневниот цента беше организирана средба со писателката Душанка Дуња Гиевска. Целта на овој настан беше да се доближи пишаниот збор до корисниците, како и да се поттикнат истите - со еден убав мотив да посветат поголемо внимание на читањето.

Сметајќи дека е особено важно поради степен на социјализирање на



корисниците, ментално посочување и нов видик на нештата, организаторите се потрудија да допрат и да разбудат еден нов начин на размислување.

Гостинката успеа да создаде една



пријатна атмосфера која се преточи во пријателски разговор, кој на крајот резултираше со напишана посвета во Книгата на спомените и донирање на книги за новата библиотека.

# Средба со претседателката Тодорова



Претседателката на Здружението на Пензионери на Македонија и иселеници, г-ѓа Лилјана Тодоровска, беше во посета на Дневниот центар. Таа е дипломиран фармацевт и во слободно време се занимава со убаво пишаниот збор и е жена која има широки видици и спектар на активности кои секојдневно ги преферира.

Целта на средбата, која се одвиваше спонтано со меѓусебна комуникација на гостинката, социјалниот работник и групата од трето доба, беше да се престави едно активно стареење на индивидуа од третото доба.

# Меѓународен карате турнир „Гази Баба опен“

Во спортската сала М.А. Ченто по девети пат се одржа меѓународниот карате турнир „Гази Баба Опен“, во организација на КК Тигар од н. Железара, под покровителство на општина Гази Баба.

Присутните на турнирот ги поздрави и за отворен го прогласи градоначалникот Тони Трајковски.

На турнирот учествуваа околу 580 натпреварувачи во повеќе категории од Украина, Романија, Словенија, Бугарија, Србија, Косово, Албанија, Црна Гора и од Македонија.

Севкупен победник на турнирот беше клубот „Форца“ од Скопје, второпласиран „Металург“ од Скопје и третото место му припадна на „Ронин“ од Прилеп.







# Меѓународен карате турнир „Солидарност опен“

Во спортската сала М.А. Ченто, се одржа 15-тиот меѓународен карате турнир „Солидарност опен“. На турнирот учествуваа 49 екипи со околу 500 натпреварувачи од Србија, Црна Гора, Косово и Македонија.

Во севкупен пласман најдобри беа: КК Урбан инвест од Кавадарци, втори КК Фунакоши гичин од Скопје и трети Форца од Скопје.







# Карате клуб Металург со нови успеси



На Европското сениорско првенство во карате, кое се одржа во Истанбул, Република Турција, учествуваше и КК Металург од Железара.

На ова првенство учествуваа 47 земји меѓу кои и Република Македонија.Членот на КК Металург, Мартин Несторовски освои бронзен медал во категоријата кумите + 84 кг.

Исто така КК Металург го освои 5 – тото место во борби – жени.

Овие извонредни успеси овозможија Мартин Несторовски да се квалификува за Европските олимписки игри во Баку, во месец јуни оваа година.

Градоначалникот Тони Трајковски ги прими во својот кабинет претставниците од карате клубот, тренерот Мирче Јанушевски и натпреварувачите Мартин Несторовски и Драгана Тодоровска, им ги честиташе големите успеси на КК Металург, а на Мартин му посака успех на натпреварувањето во Баку.



# *Таеквондо клубот „Кобра“ знае само за успеси*







Таеквондо клубот Кобра, учествуваше на меѓународен натпревар „11-ти Омега Куп“ во Белград, Р. Србија.

На купот учествуваа вкупно 535 натпреварувачи од 12 држави. Таеквондо клубот „Кобра“ настапи со 7 натпреварувачи и освои 2 златни медали, 4 сребрени и 1 бронзен. Тренер на клубот е Коста Михајлов четврти дан, а натпреварувачите се: Веселовски Ардијан, Пешевска Елеонора, Димковска Гордана, Колевски Јован, Стевановски Никола, Радомировска Викторија, Трајковски Дамјан.

За првпат на некое меѓународно натпреварување имавме судија кој ја застапува Р.Македонија, а тоа е Катерина Михајлова мајстор прв дан, тренер во клубот.

Градоначалникот ги прими претставниците од клубот „Кобра“, тренерот и освојувачите на медалите, на кои им ги честита одличните резултати и им посака успеси и во понатамошните натпреварувања.

На државно првенство „Илинден Опен“ во општина Илинден, чествуваа 7 клубови од Република Македонија со над 160 учесници. Таеквондо клубот „Кобра“ учествуваше со 29 натпреварувачи и постигна извонредни резултати: 12 златни медали, 12 сребрени медали и 5 бронзени медали.

Работата, посветеноста и истрајноста на тренерите, децата кои тренираат и на сите оние кои ја поддржуваат работата на таеквондо клубот „Кобра“, даваат позитивни и врвни резултати.





# Мартовско женско авто рели




Традиционално и оваа година се одржа спортскиот настан „Мартовско женско авто рели“ кое започна на плоштадот во Автоманда со спретно возење, а продолжи по градската сообраќајна мрежа, при тоа почитувајќи ги сообраќајните знаци и прописи.

Овој настан беше во организација на општина Гази Баба и АКК “Примо Авј“, а се одвиваше под мотото „Месец на жената и Месец за безбедност во сообраќајот“.

Кампањата се спроведе по повод Меѓународниот ден на жената во месец март, кога се одбележуваат и прославуваат економските, политичките и општествените постигнувања на жената.






## *Турнир во футсал за девојчиња*

Во спортската сала „М.А.Ченто“ се одржа турнир во футсал девојчиња, на кој учествуваа екипи од сите основни училишта од општина Гази Баба, а најдобри беа:

- Прво место ОУ„Вера Јоциќ“
- Второ место ОУ„Стив Наумов“
- Трето место ОУ„Крум Точев“
- Четврто место ОУ„Григор Прличев“










# Дружење низ спортски игри

Општина Гази Баба, Општинскиот училишен сојуз и фудбалскиот клуб Маџари, организираа дружење низ спортски игри. Во игрите учествуваа околу 200 ученици од 3 до 5 одделение од шест основни училишта од општината.

Спортското дружење се одржа на стадионот „Борис Трајковски“ во Маџари, со цел да се насочат децата кон спортувањето, да си го исполнат слободното време со спортски креативни игри и здрав начин на психо – физички раст, кој ќе се рефлектира во нивниот понатамошен развој.



Целта на ФК Маџари е децата да го засакаат фудбалот како спорт, а општинскиот училишен сојуз со наставниците по физичко и здравствено воспитување во координација со општината, им даваат голема поддршка во нивните активности.

## *Велигденски турнир во пинг понг*





Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба, во СЕТУ „Михајло Пупин“ се одржа Велигденски турнир во пинг понг во машка и женска конкуренција. На турнирот учествуваа ученици од сите основни училишта од општината.



**Пласман во машка конкуренција**

**I место** Мартин Анчевски
ОУ „Крсте Мисирков“

**II место** Филип Митровски
ОУ „Кирил и Методиј“

**III место** Мартин Котевски
ОУ „Григор Прличев“

**IV место** Филип Ѓорѓиев
ОУ „Кирил и Методиј“

**Пласман во женска конкуренција**

**I место** Бојана Михајловска
ОУ „Вера Јоциќ“

**II место** Ана Марија Димитрова
ОУ „Григор Прличев“

**III место** Суада Имери
ПОУ „Кирил и Методиј“

**IV место** Ана Цветковска
ОУ „Кирил и Методиј“



Од дворот на општината

## Телефони на јавни претпријатија

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. | ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 | ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 | ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

Адреса:
Архимедова 2, Скопје

| Телефони: | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| Факс | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| е-маил | redakcija@gazibaba.gov.mk<br>mediumi@gazibaba.gov.mk |
| Интернет адреса | www.gazibaba.gov.mk |
| Број за СМС комуникација на општина Гази Баба | 070/254-772 |
| Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба | 0800-4-22-22 |

Општина Гази Баба

Редакција:

Емилија Кипровска
Мартин Тодоровски
redakcija@gazibaba.gov.mk

Печати:

Графички центар, Скопје

Тел:

+389 (0) 2/3212886